Република Северна Македонија
Академија за судии и јавни обвинители Павел Шатев
Одделение за правни работи и управување со човечки ресурси
Сектор за правни работи и управување со човечки ресурси

10.03.2021

**Архивски број:** 04-281/26

Врз основа на член 32 од Законот за Академијата за судии и јавни обвинители („Службен весник на РМ" број 20/20415, 192/2015 и 231/2015) и член 18 став 1 алинеја 17 од Статутот на Академијата за судии и јавни обвинители „Павел Шатев" („Службен весник на РМ" број 56/2015, 205/2018 и „Службен весник на РСМ" број 115/2019), а во врска со Врз основа на член 52 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 и „Службен весник на РСМ" број 275/19 и 14/20), директорот на Академијата за судии и јавни обвинители Павел Шатев донесе

## О Д Л У К А
### за невршење на избор за унапредување на административен службеник

1. По интерниот оглас број 1/2021 за унапредување на административен службеник во Академијата за судии и јавни обвинители, објавен на веб страната на Академијата за судии и јавни обвинители и Агенцијата за администрација, од предложената ранг листа за работното место Виш соработник за почетна обука, Одделение за почетна обука и практицирање на судиската или јавнообвинителската функција, Сектор обуки - 1 извршител, не се врши избор на кандидат.
2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

На веб страната на Академијата за судии и јавни обвинители и Агенцијата за администрација, беше објавен интерен оглас за унапредување на административен службеник во Академијата за судии и јавни обвинители на работното место Виш соработник за почетна обука, Одделение за почетна обука и практицирање на судиската или јавнообвинителската функција, Сектор обуки - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административни службеници во Академијата за судии и јавни обвинители, формирана со Решение бр. 04-281/11 од 8.3.2021 година, спроведе административна селекција и изготви Записник заведен под број 04-281/20 од 8.3.2021 година, по што комисијата спроведе интервју и за истото состави Записник заведен под број 04-281/21 од 8.3.2021 година.

Согласно утврденото во горенаведените записници, за ова работно место аплицираше само еден кандидат кој имаше навремена и комплетна документација. По спроведување на интервјуто, Комисијата за селекција за унапредување беше на ставот дека кандидатот не покажал доволно знаење за унапредување, од причина што кандидатот по вокација е правник со положен правосуден испит и со повеќе од 5 години работа во


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk

Академијата но истиот не покажал знаење за основните работи кои Академијата ги врши, непознавање на специјалниот закон на Академијата, како и елементарно непознавање на правото. По завршување на интервјуто, Комисијата за селекција за унапредување ги достави записниците од одржаното интервју до директорот на Академијата. Директорот, по извршениот увид во записниците, а притоа ценејќи го и фактот за можниот дисбаланс во работата на Одделението за континуирана обука, кое е одделение со најголема динамика на активности за судиите, јавните обвинители и останати соработници на Академијата, одлучи работното место Виш соработник за почетна обука да не се пополни.

Имајќи го во предвид горенаведеното, директорот на Академијата за судии и јавни обвинители одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука незадоволниот кандидат може да поднесе жалбадо Агенцијата за администрација-Комисија за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен, во рок од 8 дена.

ДОСТАВЕНО ДО:
- Архива на Академијата.

**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**
**Директор**
**Проф. Д-р Наташа Габер Дамјановска**

Подготвил: Ана Милчевска
Предал: Давид Панов
Прегледал: Сања Пандилов


Академија за судии и јавни обвинители
Павел Шатев
Бул. Јане Сандански бр.12, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 2401 560
www.jpacademy.gov.mk